*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1096/7*
*18.07.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/.

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од северозапад опфатот е дефиниран по бул. "Партизанска

- од североисток опфатот е дефиниран по ул. "Партизанска" крак и пешачка патека

- од југ опфатот е дефиниран по ул "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив

Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 1,07 ха.

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЦЕ 01.01, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: бул. "Партизанска", ул. "Партизанска" крак и пешачка патека, ул "Борис Кидрич", ул. "Сане Горгиев" и граница на наменска зона на Државен Архив/ ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 13 август 2024 (Вторник) до 25 септември 2024 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 август 2024 (Понеделник) година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk

Scanned with CamScanner

информациските систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОПШТИНА ШТИП

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner